


МРТ 2

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

**23 НОЕМВРИ - 18 ДЕКЕМВРИ 2015**

## **2. МТВ 2**

***„Дневник“***

Во известувачкиот период од 23 ноември до 18 декември 2015 г. МТВ 2 објави вкупно 207 прилози кои се однсуваат на политичките актери. Најмногу внимание месецов телевизијата им посвети на ***(1)*** Активности на ДУИ и новите проекти на Владата на РМ (50 прилози за промотивни активности на ДУИ и 8 прилози за ВМРО-ДПМНЕ), ***(2)*** Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (16 прилози), ***(3)*** На загадувањето се посветени 10 прилози, ***(4)*** Преговорите за медиумите (9 прилози), ***(5)*** Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (8 прилози), ***(6)*** Аферата со лажни лични карти (4 прилози), ***(7)*** Ветото за домашното задолжување (3 прилози), и ***(8)*** Аферата за работењето на Министерството за внатрешни работи (2 прилога)**.** МТВ 2 целосно ја игнорираше блокадата на Ректоратот поради сечењето на дрвјата на кампусот на УКИМ. Во најголемиот дел од известувањето (50 прилози) на овие теми беше забележан фаворизирачки однос кон ДУИ, а во 5 кон ВМРО-ДПМНЕ. Најексплицитните конструкти на фаворизирање беа направени во прилозите кои промовираат активности на владата, поради што слично како и кај МТВ 1 вестите наликуваат на владин или партиски билтен. Дополнително МТВ 2 има нагласено етно-партикуларен пристап кон некои од темите.

Коментари и оценк и во вес тите: Во вестите на албански јазик на МТВ 2 мошне често има позитивни фаворизирачки оцени за ДУИ (50 прилози), а нивните проекти се најавуваат како веќе да се реализирани. Се известува за сите настани на партијата и на функционерите на ДУИ, од посети на општини, отворање градинки, спортски сали, изградба на шеталиште во Дебар, доделување награди за бизнис проекти, најава за изградба на болница во Кичево, застапеност на Албанците во здравството, Коридорот 8, автопатот Скопје – Блаце кој треба да се реализира итн. Се акцентира улогата на ДУИ во подобрувањето на положбата на Албанците, или во „унапредувањето на албанските проекти во културата.“ голем број прилози се во знакот на глорификација на партијата, а не може да се забележи критички став кон ДУИ. Доминираат функционерите од партијата, покриени се сите активности: на министерот за економија Беким Незири, на министерот за животна средина Нурхан Изаири, на министерот за локална самоуправа Лирим Шабани кој промовира упатство за инвеститорите итн. Директорот на фондот за здравствено осигурување Орхан Рамадани го има во контекст на придонесите за стоматолозите, а Ружди Лата од Дебар за градежни работи во инфраструктурата. Позитивно се оценети и проектите на Владата (особено проектот „Купи куќа“ за младите), на премиерот и на министрите на ВМРО-ДПМНЕ (Никола Тодоров). Сепак, на моменти, во однос на ВМРО-ДПМНЕ, телевизијата има и критички прилози, како за непојавувањето на Груевски пред Анкетната комисија, или за составот на ДИК.

Користење на изворите: Во вестите на МТВ 2 во 79 прилози има повикување на само еден извор. Иако вестите на албански на МТВ2 се повикуваат на извори кои генерално застапуваат спротивставени гледишта, сепак во фаворизирачките прилози (кон ДУИ) се забележува еднострано користење на изворите **(**повеќе од 100 прилози**)**, при што тие преку фаворизирачките оценки за активностите на ДУИ имаат апологетска функција. ДУИ и нејзините функционери се најзастапени како извори, а другите партии ги има само во случаи кога се актери во некој настан или во некоја расправа во Собранието.

МОДЕМ МОНИТОРИНГ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА
ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ
British Embassy Skopje
Kingdom of the Netherlands

Дирек тни обраќ ањ а: Во известувачкиот период има 120 директни обраќања на претставници на политички партии, од кои 36 се на ВМРО, 58 за ДУИ. За разлика од другите поединечни извештаи во случајот со МТВ 2 изолирани се тонските изјави/обраќања на сите членови на определена политичка партија, а не само лидерите. Почесто се емитуваат директни обраќања на Ахмети и на министри и претставници на централната или локалната власт кои се од ДУИ. Ретко се пренесуваат директни изјави на лидерот на ДПА, Тачи. Извадоците од обраќањата најчесто ја фаворизираат ДУИ како заслужна за Албанците, како на пример следното обраќање на Али Ахмети: „Времињата се сменети и тоа во корист на Албанците, треба да бидеме паметни да се искористи ова за идно унапредување на Албанците, ...за еднаквост на двете најголеми заедници во Македонија, албанската и македонската заедница“. Се емитуваат и обраќања на премиерот Никола Груевски, поврзани со успешноста во отворањето нови работни места или спроведувањето други проекти.

Аудиовиз уелна презентација : Главно нема манипулативна аудиовизулена презентација. Забележана е само во форма на „топол“ однос на функционери на ДУИ со граѓаните на терен, за време на нивните активности („Меџити со доза на блискост раговара со граѓани“). Како манипулативна аудиовизуелна презентација може да се нотира непокривањето со кадри од средбата на Тачи со генералниот секретар на ОБСЕ, односно нагласувањето само на средбата на Ахмети. Наместо сликата од средбата на Тачи, кадрите зумираат една празна столица“. Манипулативна аудиовизуелна презентација се и кадрите на кои се гледа Груевски со лопата, на отворањето на дистрибутивниот центар на Тинекс.

**Емисии**

Во овој извештај се анализирани само емисиите емитувани меѓу 1 и 14 декември. Во набљудуваниот период на МТВ 2, анализирана е емисијата *„Аргумент“*. Во нив не беа датектирани сериозни нарушувања на принципите на политичкиот плурализам.